КАРПОШ УРБАН

Весник на локалната самоуправа
мај-јуни 2015, бр. 52-53 • година 7



МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

ISSN 1857-6753

ВЕТЕНО-СТОРЕНО: ВОДА ЗА НЕРЕЗИ



Misaki



Jewels

ул. Максим Горки бр 21 и
Ramstore Mall
тел: 3246 - 698

Егзотични јапонски бисери дизајнирани во елегантни парчиња накит од дизајнерите во МОНАКО и Монте Карло
Одличен избор со празнично намалени цени.
Накитот од Misaki нека биде круна за Ваш совршен изглед.

ВО ОВОЈ БРОЈ




ВЕТЕНО СТОРЕНО

НОВ КРУЖЕН ТЕК 6



ОБРАЗОВАНИЕ

КРЕАТОРИ НА СОНОТ 17



ИНТЕРВЈУ

Александар Ивановски Карадаре, академски скулптор

САКАМ ДА ЈА ПРЕНЕСАМ ВИСТИНАТА ЗА ЖИВОТОТ 18



МОИ 2015

КАРПОШ – ОЛИМПИСКА ОПШТИНА 26



СПОРТОРАМА

Разговор со Дејан Крстевски

КАРПОШ ИМА МНОГУ НАДЕЖНИ ТЕНИСЕРИ 29



Издава Општина Карпош
Ул. Радика бр. 9
1000 Скопје, Р. Македонија
тел.: 02 / 30-55-901
факс: 02 / 30-71-040
kontakt@karpos.gov.mk
www.karpos.gov.mk

Издавачки совет
Ристо Иванов
Зоран Костов
Димче Мешковски
Томе Груевски
Бојан Милошевски

Главен и одговорен уредник
Виолета Цветковска
vikipr@karpos.gov.mk

Редакција
Мила Глигорова
Ива Манова
Јоана Станиќ
Живко Трајановски

Технички уредник
Зоран М. Гулевски

Лектура
Ангелина Николовска
Живко Трајановски

Фотографија
Ива Манова
Амел Амед

Маркетинг
Александар Бошковски



НА XXI-ТЕ СИНДИКАЛНИ СПОРТСКИ ИГРИ ГРАН ПРИ ЗА ОПШТИНА КАРПОШ

Синдикалната организација при локалната самоуправа Карпош учествуваше на XXI-те синдикални спортски игри во организација на УПОЗ (Управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Македонија) коишто се одржаа од 4 - 7 јуни 2015 година во Охрид. Оваа година на игрите учествуваа над 20 екипи, главно од министерствата, од фондовите, од судството, од казнено-поправните домови. На игрите се натпреваруваа над 350 учесници. - За нас ова е четврто учество. Ние, како Општина Карпош учествувавме со екипа од 30-ина членови вработени во администрацијата на Општината. Натпреварите беа поделени во три категории: женска конкуренција, машка конкуренција и мешана конкуренција. Во женска конкуренција, претставниците од Карпош се натпреваруваа во седум спортови, и тоа: пинг-понг, пливање, шах, пикадо, тенис, кошарка и стрелаштво. Во женска конкуренција, Општина Карпош беше севкупен победник на овие спортски игри. Прво место Општината освои во пинг-понг, шах, тенис и пливање, второ место, во пикадо, а трето место освои во кошарка, со тоа што единствено меѓу првите три немавме пласман во стрелаштво.

Во машка конкуренција учествувавме во осум спортови: пливање, пинг-понг, фудбал, кошарка, стрелаштво, шах, пикадо и тенис. Освоивме прво место во кошарка, второ, во пливање, трето, во фудбал и пинг-понг, а во останатите четири имавме пласман под третото место. Во мешана конкуренција, натпреварите беа во три категории: пинг-понг со освоено прво место, одбојка на песок – трето место, додека во влечење на јаже не остваривме пласман. Ние сме екипа која беше севкупен победник на овие XXI синдикални спортски игри. – Постигнатите солидни резултати на спортските игри во Охрид, потврдуваат дека Општина Карпош е една од најспортските општини. Градоначалникот и Советот на Општината помогнаа сето тоа да се реализира. За следната година мотивацијата е многу голема и секако ќе бидеме подготвени за нови победи – истакна претседателот на Синдикалната организација при локалната самоуправа Карпош, Ненад Зафировски. **И.М.**



Почитувани сограѓани,

Општина Карпош опстојува на својата „зацртана“агенда да ги оствари ветувањата дадени на граѓаните за подобрување на нивните услови за живот. Една таква круцијална потреба имаа жителите на Средно и Горно Нерези кои со години мака мачат со водоснабдувањето, односно со слабиот притисок во т.н. „висока зона“. Со години наназад, најтежок им беше токму претстојниот, летен период кога немаше вода ниту за основните хигиенски потреби, а камо ли за вклучување машини за перење, бојлер...Конечено, Општината, заедно со Јавното претпријатие „Водовод и канализација“ со стартот на изградбата на нова хидрофорска станица ќе инвестираат околу шест милиони денари, од кои, над 1,9 милиони се инвестиција на локалната самоуправа, а жителите од овој дел ќе се здобијат со подобар притисок на водата, што е егзистенцијален услов за нивното живеење.

Во изминатиот период со подеднаква упорност работевме и на други инфраструктурни проекти како што е санација на ударните дупки на различни краишта во Општината. Во најголем дел на улиците во Бардовци и тоа улица, 4, 10,12, 14, улица Б, потоа на улиците Драгиша Мишовиќ и Никола Русински, работевме на крак на улицата Париска, изведовме секундарни приклучоци за 30-тина куќи на улицата 1010 во Козле, која, исто така, наскоро ќе се асфалтира, и низа други градежни зафати.

Една од клучните задачи кои ја сработивме во изминатиот период е донесувањето на Стратегискиот план на Општина Карпош за периодот 2015-2019 година,извонредно значаен документ во кој се зацртани главните насоки на развојот кон кои ќе се стреми локалната самоуправа во сферата на урбанизмот, економскиот развој, социјалната грижа, комуникациите со населението и низа други области. Тој, за нас е би рекле „Уставот“ кој со целосно имплементирање во практика, Карпош дефинитивно ќе ја вброи меѓу европските, најурбани и просперитетни општини.

Се разбира, не ги запоставивме и другите сегменти на живеење, а тоа се грижата за екологијата, одржувањето на хигиената и зеленилото во Општината, за што иницираме дузина еколошки акции и пролетно чистење на територијата на цела општина, во која доминираа вработените во локалната самоуправа, вклучително и администрацијата, сé со цел да ја поттикнеме еколошката свест и грижа на самите жители. Се разбира, добивме конкретна поддршка и од вработени во бизнис секторот кој делува на наша територија, од невладини организации и од самите жители на Карпош.

Изминатите месеци ни минаа во знакот на иднината на Карпош, најмладите, кои успешно пребродија уште една учебна година, вредно учејќи, но и спортувајќи. Завршија сите училишни спортски игри кои изнедрија нови млади таленти во различни спортови. Дека сме најспортска општина докажа и успешната организација на т.н. „Мали олимписки игри Карпош 2015“ чиј домаќин беше токму Општина Карпош, а која кај себе „вдоми“ околу 900 деца од цела Македонија, како учесници на финалето на традиционалните Државни спортски игри. Се стекнаа нови пријателства, нови познаници, нови спортски искуства и признанија кои ќе се паметат до крајот на животот на овие млади ентузијасти.

Останuваме на патот на хуманоста и грижата за нашите сограѓани кои имаат потреба од медицинска или социјална помош, помогнавме во отворање на нови простории на Црвениот крст, дониравме помош за мигрантите, феномен кој ја зафати целата наша држава, но на кој мораше да се реагира од хуманитарен аспект. Со донација на храна и облека, бевме дел од мозаикот на големата поддршка на овие луѓе кои транзитираат низ нашата земја во потрага по подобар живот и посветла иднина на патот кон западноевропските земји.

Не ја запоставивме и меѓународната соработка на Општината, главно со збратимените градови и општини во соседството. Така бевме гости во Стари Град - Сараево, една од централните општини во овој пријателски град, а нашите најдобри спортисти ги однесовме и на спортско дружење во збратимениот Тиват.

Пред нас и натаму претстои многу работа и посветеност. Локалната власт е најблискиот и највиталниот сервис на сите граѓани и во нивен интерес имаме зацртано уште многу проекти, сé со цел живеењето во Карпош да го направиме благопријатно. Карпош останува најпосакувана дестинација за сите кои живеат и работат во него.

Вашиот градоначалник, Стевчо Јакимовски

КРАЈ ЗА „ВОДОВОДНИТЕ МАКИ“ НА НЕРЕЖАНИ

Со изградбата на хидрофорската станица во Средно Нерези, ќе завршат маките со водоснабдувањето на жителите од оваа населба.

На 26 јуни, свечено беше поставен камен темелник за изградба на водоводната станица која ќе биде од огромно значење за нережани. Целта на изградбата на хидрофорската станица е да се создадат подобри услови за водоснабдување и воедно појак млаз вода, бидејќи во овој дел од Општина Карпош, особено во летниот период, жителите имаа голем проблем. Првиот човек на локалната самоуправа, Стевчо Јакимовски во присуство на претседателот на Советот на Општина Карпош, Сашо Лазаревски, им заблагодари на трпението на граѓаните од овој дел на Карпош што го имаа во изминатиот период.

-Граѓаните на Средно Нерези неможеа нормално да функционираат поради нерешеното водоснабдување во овој дел на Општина Карпош. По граѓанска иницијатива за надминување на овој витален проблем, како локална власт, првенствено направивме еден водовод во должина од 300 метри. Меѓутоа, граѓаните побараа да им се направат уште 150 метри, но и покрај тоа, повторно имавме потешкотии со снабдување на водата. Така, на крајот, одлучивме да ја направиме оваа хидрофорска станица со која очекуваме дека овој проблем ќе биде решен барем во наредните 20 години.

Претседателот на Советот на Општина Карпош, Сашо Лазаревски ја поздрави граѓанската иницијатива за изградба на оваа станица.

-На седницата на Советот на Општина Карпош едногласно, сите советници ја изгласаа одлуката да се изгради потребната хидрофорска станица. Минатата година, кога бевме тука, ветивме дека во најкус можен рок ќе започнеме со решавање на овој проблем и тоа и се случи. Се надевам, рече Лазаревски дека во наредните години можеби ќе дојде и до проширување на проектот.

Изградбата на хидрофорската станица, всушност, ќе го реши долгогодишниот проблем со квалитетно водоснабдување на „високата зона“, т.е. на локалното население за околу 100 станбени објекти кои не беа приклучени на градската водоводна мрежа. По завршување со изградбата на хидрофорската станица, ЈП “Водовод и канализација“ ќе пристапи кон изградба на секундарни приклучоци од претходно изградената водоводна мрежа финансирана од страна на Општината до станбените објекти. Изведувач на работите е ДПГТУ “ Урбан градба “ ДООЕЛ – Скопје.


Вредноста на изведбата на сите градежни работи кои ги финансира Општината, изнесува 1.908.413 денари. Останатите фази, електроинсталатерски работи со вредност од 173.820 денари и хидро-машински работи во вредност од 2.338.582 денари, ќе бидат финансирани од ЈП “Водовод и канализација“.

М.Г.





Изведба на фекална канализација на ул„Скупи 3“ - Злокуќани



Изведба на фекална канализација за спортската сала и за дневен престој во ООУ „Димо Хаџи Димов“











Фекална канализација со должина од 60 м. н.м. Бардовци



Санирање на ударни дупки во н.м. Бардовци



Санирање на ударни дупки - Тафталиџе

НОВ КРУЖЕН ТЕК



По осум месеци напорна работа и борба со временските прилики, никна нов кружен тек со кој, жителите на Град Скопје, а особено карпошани и ѓорчепетровци, ќе ги забораваат утринските нервози и секојдневниот сообраќаен метеж. Ова е уште еден проект на градот Скопје, за изградба на кружен тек во близина на Т.Ц. „Порта Влае“ на местото на поранешната крстосница на булеварот „Партизански одреди“ и улицата „Ацо Шопов“, која со години претставуваше црна точка и една од најоптоварените крстосници во Градот. Ова е најголемиот кружен тек во Скопје со дијаметар од 40 метри, односно коловоз во ширина од 2 метри и заштитна патека од 1,5 метри, како и средишно зеленило.

На свеченото предавање во употреба на кружниот тек кој ги „спојува“ Карпош и Ѓорче присуствуваа, покрај градоначалниците, Стевчо Јакимовски и Сокол Митревски и градоначалникот на Скопје, Коце Трајановски, како и премиерот на Република Македонија, Никола Груевски. **М.Г.**



Општина Карпош доби нов стратегиски план за периодот 2015-2019

ВИЗИЈА ЗА ИДНИНАТА



Во изминатите пет месеци од 2015 година општинското раководство ја дефинираше политиката за идниот развој преку донесувањето на Стратегискиот план за равој на општината Карпош за периодот 2015-2019 година. Овој документ е дел од процесот на континуирана и транспарентна работа, во насока на подигнување на квалитетот на живеење на граѓаните, според европските и светските стандарди, подобрување на конкурентноста во однос на други локални заедници во земјата, како и подобрување на климата за инвестирање и отворање на нови работни места. Преку него, носителите на одлуки во Општината обезбедија основа за успешно управување со нејзиниот развој и насочување на општинските ресурси за подинамична економската активност и повисок животниот стандард и благосостојба на граѓаните.

Донесувањето на Стратегискиот план за развој беше следено со три главни ативности: мобилизирање на голем број релавантни засегнати страни; идентификување на целите и задачите за наредниот период и усогласување на приоритетите за перидот 2015-2019 година.

Секторот за развој на општината Карпош, во периодот февруари - март 2015, ги координираше активностите за вклучување на општинската администрација, локалните бизниси, НВО и граѓаните во предлагањето мерки и проекти во областите каде што локалната самоуправа има законски надлежности. За краток период, 52 претпријатија, 20 НВО, 14-те месни заедници, сите сектори на општинската администрација и поголемиот број на советници, доставија повеќе од 200 предлози за нивните видувања каде треба да се насочи внимането во наредниот период.

Истовремено се одвиваше анализата на трендовите во развојот на Општината во изминатиот четиригодишен период, согледувајќи ги факторите што овозможија подобрување на условите во установите за згрижување на децата, подигање на квалитетот на основното образование и растот на економски активности кои ја рангираат општината Карпош на второ место во Градот Скопје според бројот на активни деловни субјекти, бројот на туристи и ноќевања, и според обемот на извршени градежни работи од страна на приватниот сектор и граѓаните, како и според успесите од организираните спортски и културни настани.

Предлозите на заинтересираните страни и главните согледувања од сеопфатната анализа за остварувањата на Општината во изминатит период, пос-



лужија како почетна точка во определувањето на петте долгорочни стратегиски насоки за нејзиниот развој на општината во перидот 2015-2019 година: Унапредување на условите за живот и стандардот на граѓаните; Диверзификација на економските активности преку привлекување нови бизниси и инвеститори; **Зголемување на в**работувањата; Јакнење на комуникацијата со граѓаните, бизнис-секторот и меѓународните програми и донатори и Унапредување на туризмот и руралниот развој. За овие стратегиски насоки се дефинираа вкупно 18 приоритетни „Стратегиски цели“ и 122 мерки и проекти во сите сектори што ги покриваат законските надележности на општината.

Нацрт верзијата на Стратегискиот план за равој на Општината Карпош беше разгледувана на тридневниот семинар, одржан во Дојран од 21 до 23 мај годинава, на кој присутвуваа 40 учесници - претставници на сите вклучени страни, општинската администрација, месните заедници, членови на Советот на општината, претставници од бизнис секторот и од НВО. Интересите и потребите на младите беа претставувани од членови на Младинскиот совет на општината и две невладини младински организации. Резултатите од семинарот се однесуваа на надградување на Стратегискиот план со нови предлози, утврдување на предлог верзијата на документот, проекција на иднита визија на Општината и идентификување на човечките и финансиските ресурси за остварување на зацртаните цели.

Последниот чекор во процесот беше разгледување на предлог верзијата на документот во Комисиите на Советот на Општина Карпош и негово усвојување на седницата од 11 јуни годинава, заедно со акцискиот план кој предвидува буџет од 20.971.000 евра за наредниот четиригодишен период. Учеството на општиснкиот буџет во финасирање на идниот развој на општината е утврден на 35 % од постојниот годишен општински буџет (13.544.000 евра за 4 години), што значи прилагодување на реалните можности на општината. Најголемо учество (81%) имаат проектите за остварување на долгорочната стратегиска насока за унапредување на условите за живот и стандард на граѓаните, а потоа следат, проектите за диверзификација на економските активности за привлекување на нови бизниси и инвеститори со 12 %. Околу 40% учество имаат проектите кои се однесуваат на опфатот на младите и подобрување на условите за нивно вклучување во животот на општината и работно ангажирање. Накратко, проектите и мерките во акцискиот план се насочени кон рамноправен опфат на сите категории на граѓани, преку различните области од нивното живеење во општината

Советниците изразија големо задоволство од квалитетот на документот и планираниот опфат на секоја категорија на граѓани, посебно истакнувајќи го успехот во големиот интерес на релевантните актери да учествуваат во планирањето на општинскиот развој преку транспарентниот процес на подготвка и донесување на документот.

Имајќи предид дека 67% од претходно донесената стратегија успешно е реализирана, како и учеството на младите со свои проекти, советниците заклучија дека граѓаните на Општина Карпош можат да очекуваат дека овој Стратегиски план ќе биде реалзиран успешно и со уште поголеми и позаблежителни резултати во сите полиња од животот на граѓаните.

д-р Ристо Иванов



ЦРВЕН КРСТ –КАРПОШ СО НОВИ РАБОТНИ ПРОСТОРИИ



По повод Светскиот ден на Црвениот крст и Црвената полумесечина, Општинската организација на Црвен крст – Карпош, на пригоден начин го одбележа овој ден со официјалното отворање на новите службени простории кои се наоѓаат до спортското игралиште „Сокол“. Во присуство на градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски и претседателот на Советот на Општината, Сашо Лазаревски, пред присутните се обрати генералниот секретар на Црвениот крст на Република Македонија, Саид Саити, кој во таа пригода се заблагодари за придонесот на локалната самоуправа која покажа разбирање за потребите на заедницата. -Општина Карпош, покажа висока свест и одговорност во реализирањето во реконструкцијата на овој проект. Ова е единствена Општина која толку добро соработува со Црвениот крст и сметам дека треба да служи за пример за другите општини. Неопходно е сите да соработуваат со Црвениот крст и да ги слушнат потребите на волонтерите и медицинските лица во него – рече Саити. Градоначалникот Јакимовски изрази огромно задоволство што овој проект, ја задржа основната намена, иако имаше барања од граѓаните за негова пренамена за други цели. -Црвениот крст е организација која што во изминатиот временски период се афирмираше како многу значајна невладина организација, која што е секогаш тука кога е потребно да им се помогне на граѓаните. Оваа е една пријателска организација и посебно ми е мило што членуваат толку млади луѓе, поточно осум илјади граѓани кои се секогаш подготвени да им помагаат на своите сограѓани.

Во оваа пригода, генералниот секретар на Црвениот крст на Република Македонија Саид Саити, му врачи благодарница на градоначалникот за посебни заслуги во оставрувањето на целите и задачите на неговата организација. Во текот на вечерта се доделија благодарници и за сите поддржувачи кои финансиски учествувале во изградбата на објектот. **М.Г.**



КАРПОШ ЗА МИГРАНТИТЕ

Здружението на социјални работници и здружението на граѓани „ЛЕГИС“ спроведоа хуманитарна акција за помош на мигрантите кои поминуваат низ територијата на Република Македонија. Општина Карпош како и многу пати досега се приклучи кон оваа акција. Вработените во општинската администрација повторно ја покажаа својата хуманост и донираа конзервирана храна, средства за прва помош, хигиенски средства, обувки и облека.

Претставници од Одделението за детска, социјална и здравствена заштита собраните продукти ги дистрибуираа во Домот на хуманитарни организации „Даре Џамбаз“, каде беа отворени пунктови на кои можеа да донираат сите хумани граѓани. Собраната помош потоа ќе биде доставена до мигрантите кои транзитираат низ нашата земја, а кои често се болни, гладни и исцрпени и на кои било каква помош им е добредојдена. **М.Г.**

ЕДУКАТИВНА СОРАБОТКА СО СТАРИ ГРАД ОД САРАЕВО



Во рамки на воспоставената соработка на Општина Карпош со Општина Стари Град од Сараево со која е збратимена од 2011 година, на 5 јуни, делегација на Карпош предводена од проф. д-р Зоран Поповски – советник и претседател на Комисијата за јавни дејности при Советот на општината, ја посети општината Стари Град. Во рамки на посетата беше организирана презентација на достигнувањата на Општина Карпош во образованието и спортот преку која беа претставени сите активности кои беа преземени во нашата општина во последните 3 години. При тоа, домаќините беа запознаени со изградбата и реконструкцијата на 10-те основни училишта на Карпош со што се обезбедени европски услови за школување на најмладите граѓани. Исто така, беа презентирани и плановите за унапредување на училишната инфраструктура преку формирање на астролошка опсерваторија, метеоролошка станица, еколошка лабораторија, ботаничка и зоолошка градина, креативен центар, погон за рециклажа, стаклена градина и други содржини со кои ќе се збогатат воннаставните активности на учениците. Пред домаќините беа презентирани и начините на кои Општина Карпош води грижа за надарените ученици преку обезбедување стипендии и помагање при учествувањето на меѓународни натпревари.

За активностите во делот на училишниот спорт, домаќините беа запознаени со унапредувањето на наставата по физичко воспитување преку проектот „Забавен училишен спорт“, за организацијата на лигите во одбојка, футсал и кошарка, како и за формирањето на училишни спортски клубови во основните училишта како основни клетки за организација на училишниот спорт. На крајот, домаќините беа информирани за организацијата на Државните спортски игри за основни училишта - Мали олимписки игри, чиј домаќин, во мај 2015 година, беше Општина Карпош.

Во тој контекст, од страна на нашата делегација беше покренатa иницијатива за организирани училишни спортски натпревари на балканско ниво. Договорено е, првите такви натпревари да се организираат кон крајот на октомври и почетокот на ноември, по повод Денот на Општината.

З. Поповски



Награда за најдобрите спортисти

НА СПОРТ И ЗАБАВА ВО ТИВАТ

Највредните и најуспешните спортисти треба секогаш да се наградуваат и да се мотивираат за да продолжат да редат успеси на спортски натпревари.

Ова сознание одамна го практикува Општина Карпош која секоја година ги наградува најдобрите екипи и поединци спортисти, учесници во училишните лиги. Наградните патувања се во различни градови, но најчесто во збратимените градови и општини. Годинава, домаќин на посетата на основците од Карпош во период од 11 јуни до 14 јуни беше Општина Тиват и учениците од основното училиште "Драго Миловиќ". Пријателските натпревари во кошарка, фудбал и одбојка (девојчиња) помеѓу тамошното училиште и учениците од основните училишта на територија на општина Карпош, беа само дел од четиридневното дружење и зближување.

Делегација на Општина Карпош се сретна со Дубровка Микчевиќ од Секретаријатот за управување со општествените дејности, со Јованка Аличиќ, главниот администратор на Општина Тиват и со директорката на училиштето-домаќин „Драго Миловиќ", Ружица Лазаревиќ. Во таа пригода тие разговараа за продлабочување на врските како збратимени општини, односно за натамошно зближување со цел, подлабоко да ги запознаат своите традиции, како и да ја прошират соработката во областа на спортот, образованието, културата и фолклорот, како важни сегменти од секојдневниот живот.

На традиционалното патување, начелно се склучи договор помеѓу делегациите на Општина Карпош и Општина Тиват, во втората половина на октомври во возвратна посета на Општина Карпош да ни гостуваат основците од училиштето „Драго Миловиќ" кои ќе бидат дел од активностите во текот на учебната 2015/2016 година во неколку заеднички проекти.

М.Г.



„ЈАЗИЧНА ДЕТОКСИКАЦИЈА“- ЗАВРШНА ДРАМСКА ПРЕТСТАВА

На креативен и симболичен начин, најдобрите ученици-актери ја презентираа последната драмска претстава за оваа година од Школата за актерска игра која постои повеќе години, а е под целосно покровителство на Општина Карпош. Доајените на македонското глумиште, Димче Мешковски и Снежана Конеска-Руси, со години наназад пронаоѓаат голем број млади и талентирани актери. Под нивна палка, секоја година основците од десетте училишта на територија на општина Карпош, ги претставуваат стекнатите драмски вештини научени од своите докажани ментори. Годинешната претстава беше од едукативен карактер во која на иновативен начин присутните имаа можност да научат и да слушнат како правилно треба да се зборува на македонски мајчин јазик. Дипломите за успешно завршена актерска школа ги додели помошник-раководителката на секторот за дејности од јавен интерес, Гордана Стојчевска-Зафировска.

М.Г.



БЕСПЛАТНИ БЕЛОДРОБНИ ПРЕГЛЕДИ ЗА РОМИТЕ КАРПОШАНИ

Урбаната заедница Злокуќани, во соработка со невладината организација „Амбрела“ и Министерството за здравство на Република Македонија, реализираше превентивни белодробни прегледи на ромската популација во Општина Карпош. Во урбаната заедница Злокуќани, имаше голем одзив на заинтересирани граѓани за своето здравје.



Беа прегледани голем број возрасни и деца, на кои стручни медицински лица им вршеа рентгенски снимки на белите дробови и воедно делеа совети како да се заштитат од болести кои го зафаќаат овој дел од телото.

Целта на оваа акција, покрај другото, е да се дознае колкава е бројката на туберколозни заболувања меѓу граѓаните од руралните делови, на места каде што условите за живот се потешки. Оваа медицинска акција е дел од низата прегледи кои се спроведуваат преку целата година, како превенција од различни заболувања кај Ромите.

М.Г.

70 ГОДИНИ БЕЗГРИЖНО ДЕТСТВО

Јубилејниот 70-ти роденден на детската установа „Орце Николов“, вработените и децата го одбележаа на пригоден и свечен начин. Со пораката, “Среќен роденден градинке мила“, најмалите подготвија музички и танцови точки, додека со солзи радосници во очите негувателките ги испратија најголемите дечиња од градинката кои од септември оваа година ќе бидат првачиња. Игра, смеа и забава можеше да се забележат во големиот двор на градинката каде децата го поминуваат најголемиот период од денот со своите другарчиња. Директорката на градинката „Орце Николов“, Савка Ковачевска, задоволна од големиот одзив на родителите упати голема благодарност до сите вработени во клонот на детската установа „Орце Николов“, за одвоеното и посветено време за организација на овој голем празник.

Овогодинешниот роденден, како јубилеен се одбележа со низа активности во знак на безгрижното детство на многу генерации кои ги направија првите чекори, растеа, играа и ги посадија првите дрвца и цвеќиња во градинката „Орце Николов“.

М.Г.



КАРПОШ ЌЕ ДОБИЕ СВОЈ КРЕАТИВЕН ЦЕНТАР

На крајот на јуни, во Општина Карпош се одржа презентација на елаборатот за формирање на креативен центар „Карпош“, своевиден инкубатор за сите креативци и ентузијасти од основните училишта на територијата на локалната самоуправа.

Идејата за формирање на креативниот центар ја претстави проф-д-р. Зоран Поповски, претседател на Комисијата за јавни дејности и член на Советот на Општина Карпош, кој ги посочи сите упоришта на кои ќе се потпира овој центар, односно,сите проекти кои треба да се реализираат во рамки на него.

Општина Карпош, како што рече Поповски, досега вложи околу седум милиони евра во изградба и реконструкција на десетте основни училишта кои функционираат на негова територија, и сега учениците од оваа општина се школуваат во вистински европски училишта. Со овој проект ќе се воведе нов, дополнителен квалитет во практичната настава и унапредување на наставните содржини, а ќе се создадат услови, креативните и заинтересирани ученици да стекнат нови знаења во воннаставниот процес.

Според елаборатот, предвидено е во секое од 10-те основни училишта да се основа посебен центар од различни научни области како:Ученички истражувачки центар, Уметнички центар за млади, Мини астролошка лабораторија, Детска ботаничка градина, Ученички пластеник за здрава храна, Дом за животни, Мини погон за рециклажа, Ученичка еколошка станица, Детски центар за ракотворби и Мини метеоролошка станица.

Сите поединечни центри ќе бидат координирани од Креативниот центар „Карпош“, а опремувањето во голем дел ќе биде од донации од високообразовни и академски институции. Севкупната опрема ќе биде во владение на училиштата од Карпош, а основната идеја е, зависно од афинитетите и интересот, децата од различни училишта, да можат да мигрираат во различните центри со цел да го надградат своето знаење и да ги реализираат своите креативни идеи. **В.Ц.**





Со најуспешните студенти заедно за Карпош

КРЕАТОРИ НА СОНОТ

Општина Карпош и градоначалникот Стевчо Јакимовски се едни од малубројните „креатори на сонот“ кои се членки на невладината мрежа, Националната агенција за престижни академски граѓани која успешно егзистира една година и има основна мисија да ги поврзува најкреативните студенти со најуспешните Македонци во која било сфера на живеење.

Во рамки на тоа, триесеттина најдобри студенти од Општина Карпош на повеќе факултети, свечено ги добија сертификатите за стипендии од Националната асоцијација за престижни академски граѓани - НАПАГ, која, заедно со локалната самоуправа, го реализираа проектот „Со најуспешните студенти заедно за Карпош“.

НАПАГ, во Кинотеката на Македонија, ја одбележа првата годишнина од своето постоење и по тој повод ги додели сертификатите и стипендиите на сите студенти со просек од најмалку 8,50, кои аплицирале на нејзиниот конкурс, и кои ги минаа нивните тримесечни обуки за развој на креативните, иновативните и претприемачките вештини.

Претседателот на оваа асоцијација за вмрежување на креативните елити од државата, д-р Виктор Ѓорѓиески и потпретседателот д-р Игор Андреев, пред присутните ја објаснија мисијата и визијата на оваа единствена асоцијација кај нас од ваков вид, како и активностите преземени во текот на своето едногодишно постоење.

Честитајќи им на успехот на најдобрите студенти, стипендисти на НАПАГ од Општина Карпош, првиот човек на локалната самоуправа Стевчо Јакимовски, им порача да продолжат да вложуваат во своето образование, а Општина Карпош секогаш ќе дава безрезервна поддршка на тој пат.

-Вие ја имате најголемата предност, младоста, истакна Јакимовски, и ако продолжите да се борите на патот кон успехот, со огромни вложувања и лична афирмација, резултатите никогаш нема да изостанат.

В.Ц.



Александар Ивановски Карадаре, академски скулптор



САКАМ ДА ЈА ПРЕНЕСАМ ВИСТИНАТА ЗА ЖИВОТОТ

Александар Ивановски Карадаре е еден од највлијателните уметници на Македонија во годините по војната. Тој припаѓа на генерацијата академски образовани скулптори, кој внесува новитети во стилот и техниката. Карадаре е познат по своите скулптури со типично социјална тема, психолошки обработени и во движење. Роден е 1943 година во Прилеп. Академија за ликовни уметности завршува во Љубљана. Индивидуални изложби реализирал во Скопје, Белград, Софија итн. А многубројни изложби имал и во Загреб, Париз, Каиро, Нирнберг, Франкфурт, Будимпешта, Букурешт... Бил наградуван 20 пати и тоа во Белград, Нови Сад, Мурска Собота, Александрија, Скопје...

Уште на самиот почеток беше забележан со неговите изложби и доби афирмација на југословенската и меѓународната ликовна сцена.

Со Карадаре започнува циклусот интервјуа на заслужни уметници на Општина Карпош

· Како се роди љубовта кон скулптурата?

- Да бидам искрен, мојата голема љубов уште како дете беше кон физиката, науката. Не бев лош ниту во уметноста. Во тоа време се одржуваше познатиот Меѓународен симпозиум за мермер во Прилеп, а јас бев ангажиран од скулпторите кои доаѓаа од странство , иако бев на 13-14 годишна возраст, бидејќи бев многу добар во реализацијата, обработката на мермерот.

· Каква беше уметничката клима во тие години?

- Воопшто не беше лоша. Имаше оптимизам, имаше некакви духовни простори каде што можеше да се движиш.

· Обично, од реализам се оди кон апстракција. Но, кај Вас беше обратно. Како тоа?

- Јас предходно споменував дека премногу ја сакам науката. И непрекинато сум анализирал, сум проучувал сé за човекот и околу човекот; од нервниот систем, како до него допираат импулсите од страна, како тој емотивно реагира на нив и многу други работи. И мојата дипломска - теоретска работа беше „форма и движење", односно „ дух и материја". Морам да кажам дека имав проблем да се разбере мојата теоретска студија, па моите професори се консултираа со професори од други факултети. На крај поминав одлично и прв на Академијата ди-

пломирав со апстрактна скулптура наречена „Импулси". Имаше голем интерес кај моите колеги студенти. Сите се прашуваа дали воопшто ќе поминам со дипломската. А поминав, одлично и кај тогаш познатиот критичар Александар Басин, кој ги протежираше новите струења кај младите уметници. Оставив одличен впечаток и секаде бев повикуван, како на југословенските, така и на меѓународните изложби. Подоцна, кога продолжија моите анализи, а суштината ми беше да ја прикажам емоцијата (духовниот живот) на човекот, во моментот на мојот највисок подем, јас одеднаш направив пресврт, напуштајќи го апстрактниот израз и заменувајќи го со фигуративниот. Отидов на психолошка фигура, што беше изненадување за сите, бидејќи во тоа време не се работеше фигуративна уметност. Повторно имав проблеми и негативни критики зашто сум се одлучил за фигурација. Но, по некое време ме прифатија. А денес знаеме дека фигурата е застапена секаде во светот.

· Имаше ли разлика меѓу Љубљана и Скопје во поглед на уметничката сцена?

- Мислам, да. Уметниците во Љубљана гравитираа многу кон Австрија, Германија, Швајцарија, Италија, и ги следеа светските тенденции. Нормално, таа уметничка сцена беше покосмополитска. А ние бевме доста затворени. Како пример би навел дека, се што ќе се видеше или слушнеше најново во светот, библиотеката во Љубљана го набавуваше тој материјал за една недела. А да не зборувам дека сите светски списанија за уметност ги имаше во Љубљана.

· Работевте сценографија за МРТВ, а бевте и најангажирана личност за музичките фестивали во Македонија. Како го усогласувавте толкавиот ангажман и уметничката кариера?

- Искрено да кажам, многу ја сакав сценографијата, и уживав во нејзината изработка. Не толку како сценографија, туку како средство каде можев да се изразам ликовно, во големи простори, разновидни материјали, многу светло со многу светлосни ефекти. Сето тоа ми беше како една голема луминирана скулптура и затоа можеби мојата сценографија беше толку различна од другите.

Точно е дека сум ги правел сите големи музички и други настани во Македонија: „Макфест", „Охридфест", „Скопскиот фестивал" итн. Исто така работев сценографии и за некои филмови, како и за телевизиската серија „Заведени" од Слободан Деспотовски.

· Како ја оценувате денешната модерна уметност и нашата уметничка сцена?

- Па, нормално, за денешни услови. Се прават нови експерименти кои се разновидни. Застапено е сè, од фигуративна до апстрактна уметност, а се применети и многу научни сознанија во ликовната уметност што говори колку многу стилови имаме. Што се однесува до нашите уметници, вклучувајќи ги и младите, воопшто не се лоши. Добро се информирани благодарение на интернетот, талентирани се и вредни. Но, сметам дека има некаква криза на уметничката сцена, само не можам да дефинирам дали е предизвикана од економската или од друга состојба. И за жал, тие таленти не можат да се претстават овде или надвор од земјава.

· Каква порака сакате да пренесете со Вашите скулптури?

- Искрено да кажам, сакам да ја пренесам вистината за животот и за светот, за човекот, околината, неговата судбина и смислата на животот. Животот, во суштина, за мене е сепак мистерија. Особено во позрелите години, е се уште поголема мистерија, независно што секој ден проучувам и читам по нешто.

м-р. Марија Светиева

САКАМ ДА БИДАМ...

Селектирај го отпадот од производите што ги користиш секој ден и фрлај го во соодветните канти за хартија, пластика, стакло или лименки.
Само ако ѝ помогнеме на амбалажата што има минато да има и иднина, ќе ја заштитиме природата.

СЕЛЕКТИРАМЕ И РЕЦИКЛИРАМЕ ЗАЕДНО!




ПАКОМАК
ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

GREEN DOT ЕКСКЛУЗИВНА ЛИЦЕНЦА НА ПАКОМАК ЗА МАКЕДОНИЈА

ПАСИВНО ЛАДЕЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ БАРАКИ

Системот за греење и ладење со термални пумпи „вода/вода“, кој веќе две години се користи за подното греење и ладење во административните бараки во Општината, годинава беше модифициран со можноста на користење на пасивно ладење, без вклучување на термалните пумпи во режим на ладење.

Ова значи дека бунарската вода, со температура до 12 степени, директно, преку изменувач ја лади водата во системот до 17-18 степени. Во овој режим, очекувањата се дека административните бараки во текот на летото и при екстремно високи надворешни температури, ќе одржува внатрешна температура до 26 степени. На овој начин, просторот од приближно 800 м2 , за којшто со вклучените термални пумпи се лади со месечна потрошувачка на струја за цена од околу 18.000 денари, месечно во режим на пасивно ладење ќе троши не повеќе од 2.000 денари месечно, или шестократно помалку. Ова е уште еден доказ за можностите и економската исплатливост на системите за обновливи извори на енергија. Општина Карпош во наредниот период ќе продолжи да ги применува овој систем во проектите кои се во фаза на реализација, во ООУ „Вера Цировири Трена“ и во новата детска градинка во населбата Бардовци. **Љ.Д.**



ПРВА ОПШТИНА СО РЕГИСТАР НА СТАНБЕНИ ЗГРАДИ И УПРАВИТЕЛИ

Општина Карпош е една од трите пилот-општини каде што се спроведува проектот на „Хабитат Македонија“ и УСАИД за енергетска ефикасност за секторот домување. Во рамките на проектот, Карпош е прва општина каде што активностите успешно завршија со изработка на регистарот на станбени згради и регистарот на управители на станбени згради.

На почетокот на април оваа година „Хабитат Македонија“ и Општина Карпош започнаа со собирање податоци за регистар на станбени згради и регистар на управители, како и податоци за основните градежни и енергетски карактеристики на станбениот фонд во општината. Оваа комплексна активност се спроведува во рамките на проектот на УСАИД и „Хабитат Македонија“ за енергетска ефикасност за секторот домување, каде што посебен акцент е ставен на унапредување на квалитетот на домување во колективни станбени згради.



-Енергетската ефикасност во станбени згради во општина Карпош е направена досега на шест згради. Овој регистар којшто сега го подготвивме е законска обврска и истиот е дополнет со информации за основните градежни и енергетски карактеристики на станбените згради. Тој ќе биде пласиран на веб-страниците на „Хабитат Македонија“ и Општина Карпош, а со тоа сите граѓани ќе можат да ги видат податоците за нивната станбена зграда, во каква состојба е зградата, каква е фасадата, каква е состојбата на покривот, каков градежен материјал е искористен, дали се преземени мерки за енергетска ефикасност, кој управува со станбената зграда, односно поголема информираност на граѓаните за тоа каде, како и со кого домуваат – истакна заменик-директорката на организацијата „Хабитат Македонија“, Лилјана Алчева. **М.Г.**

КАРПОШ ВО „ТОП“ ЧЕТИРИТЕ ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНИ ОПШТИНИ

Одделението за енергетска ефикасност при Општина Карпош влезе во потесниот избор на четирите проекти во рамки на реализацијата на третата фаза од регионалниот проект „Енергетска ефикасност во асоцијациите на општините“(Energy efficiency in municipal associations – EeMA), кој го реализира ЗЕЛС (заедницата на локални самоуправи) во соработка со ГИЗ и ОРФ, финансиран од СДЦ и Германско сојузно министерство за економска соработка и развој.

По објавениот оглас за доставување на пилот - проекти од општините за финансирање од областа на енергетска ефикасност, во ЗЕЛС пристигнаа 29 проекти. Евалуационата комисија, според бараните критериуми, по првата сесија, како најсоодветни издвои четири проекти, меѓу кои оној на општина Кисела Вода, на градот Скопје и општина Битола.

Нашата долгорочна стратегија се однесува на комплетно „покривање“ на Општината со економичното улично осветлување, а проектот за „Реконструкција на системот за осветлување на спортските комплекси во општина Карпош “ е оној со кој Општината аплицираше на јавниот повик на ЗЕЛС. Проектот опфаќа замена на осветлувањето во 20 спортски и детски игралишта на територија на општината со вкупно 120 столба за рефлектори и 244 рефлектори од по 400 W, или вкупно инсталирана моќност од 104.680 W. Во оваа состојба потрошувачката на годишно ниво изнесува 2.829.969,00 денари (при чинење на енергија од 5,8 денари + ДДВ цена на енергија по киловат час, по индустриска цена). Со замената на 400 W рефлектори со LED рефлектори од 120 W, инсталираната моќност се намалува на 29.280 W или 72,03% . Очекуваните заштеди на годишно ниво се 2.038.400,00 денари. Притоа, трошоците за тековно одржување на годишно ниво, што изнесуваат 286.000,00 денари, не би постоеле минимум 12 години. Вкупното чинење на оваа инвестиција, според програмата, би било 7.295.600,00 денари. Според годишните заштеди на електрична енергија и тековно одржување, инвестицијата ќе се врати за 27 месеци.

Проект за реконструкција на осветлување на спортските комплекси во општина Карпош е единствениот нереализиран проект досега, во делот на уличното осветлување, а во согласност со првата и втората програма за енергетска ефикасност на општината. На почетокот на програмата од 2008 година имаше утврдено 3.613 живини светилки, а до крајот на 2014 година има 4.485 штедливи светилки. Осветлени се и нови простори, паркови, игралишта



и улици, а вкупната потрошувачка на енергија за оваа намена е намалена од нивото пред 2008 година. Општина Карпош, во согласност со потпишаниот Меморандум на ЗЕЛС со ЕВН, ги издвои сите 117 управувачки места од трафостаниците на ЕВН, во посебни командни ормари со сопствено управување, а временскиот период на вклучување и исклучување на уличното осветлување е софтверски програмирано.

Љ.Д.

НАЈМЛАДИТЕ – ПРИМЕРИ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ

„Секој за сите за климатски промени“ е проектот кој Општина Карпош го имплементира во соработка со Здружението на граѓани „Зелена планета 7“ за своите најмлади жители. Учениците од сите основни училишта кои се во второ одделение беа вистински промотори на веќе стекнатото знаење за тоа што значат климатските промени, озонската дупка и како ние, како граѓани треба да се носиме со овие последици, но и директно да влијаеме.

Преку работилници организирани во нивните училишта, секој од нив, во соработка со своите наставници, изработуваа мултимедијален производ за позитивните и негативните начини на однесување кон животната средина. Тие заедно го креираа и своето дрво на лични отпечатоци преку кое ќе остават заедничка порака за идните генерации во насока на зачувување на еко системот на Земјата.

В.Ц.

УЧИЛИШТАТА ОД КАРПОШ-НАЈДОБРИ НА ЕКСТЕРНО

Училиштата во Општина Карпош уште еднаш, во пракса ја докажаа својата супериорност, одговорност и посветеност на учењето. Во екстерното оценување на учениците од основното образование кое се спроведе во периодот од 2 до 10 јуни 2015 година беа опфатени 183.790 од предвидини 177 478 ученици во земјата.

По објавените резултати за учениците од 4-то одделение до 3 година, се изведе просечна оценка 3.26.

Одделно по училишта, земајќи го во предвид бројот на ученици во секое од нив, најдобри резултати постигнаа учениците од следните училишта:

1. ОУ „ЛАЗО ТРПОВСКИ - КАРПОШ“ - 4,83
2. ОУ„ ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ - КАРПОШ“ - 4,80
3. ОУ „ЈОХАН ХАЈНРИХ ПЕСТАЛОЦИ - ЦЕНТАР“ - 4,76
4. ОУ „11 ОКТОМВРИ - ЦЕНТАР“ - 4,75
5. ОУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ - ЦЕНТАР“ - 4,74
6. ОУ “КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ - ЦЕНТАР“ - 4,72
7. ОУ „ЃОРЃИЈА ПУЛЕВСКИ - АЕРОДРОМ“ - 4,69
8. ОУ „ПЕТАР ПОП АРСОВ - КАРПОШ“ - 4,69
9. ОУ „ЉУБЕН ЛАПЕ - АЕРОДРОМ“ - 4,67
10. ОУ „КОЧО РАЦИН - ЦЕНТАР“ - 4,67

На ниво на општини, најдобри резултати имаа учениците од следните општини во Република Македонија:

Центар - 4,59
Вевчани - 4,58
Аеродром - 4,44
Карпош - 4,40
Кисела Вода - 4,26

Оправдано отсутните ученици дополнително ќе бидат тестирани во августовската сесија која ќе се одвива од 17 до 20 август.

Им честитаме на најдобрите!!!

В.Ц.

ПЛАТФОРМА ЗА „ЕКО-ЛОГИК“ ВМРЕЖУВАЊЕ

Општина Карпош е дел од проектот „Промовирање и иницирање на меѓусебна соработка и вмрежување помеѓу граѓанскиот сектор и локалните власти“, кој е во организација на Здружението за заштита и унапредување на животната средина „Еко-логик “.

Со овој проект се оформува мрежа од пет организации кои работат во полето на иницирање и зголемување на комуникацијата, креирање на информациско-технолошки алатки во процесот на промовирање на досегашната и идната соработка и активности помеѓу граѓанскиот сектор и општините, како и градење поблиски односи со истите.

Проектот во наредните два месеца ќе ги опфати сите десет општини во Град Скопје. Претставникот од Секторот за заштита на животната средина и природата при Општина Карпош, Јованче Цветаноски, рече дека главните активности во проектот ќе се одвиваат преку тркалезни маси, односно работилници наменети за партнерите вклучени во проектот. Дел од активностите ќе бидат и креирањето на информациско-технолошките алатки, како и истражување и креирање на бази на податоци на реализирани проекти меѓу таргет групите.

М.Г.



ПРОЛЕТНА ЕКО АКЦИЈА

Во рамките на еколошката акција, која се одвиваше во 14-те урбани заедници, вработените во општинската администрација, го собраа ситниот отпад по улиците и тротоарите. Полупразните кеси се доказ дека Општина Карпош е една од најчистите општини во главниот град. „Оваа акција има за цел да се одржи чистата околина и чистиот воздух во најурбаната општина“- рече шефот на кабинет на локалната самоуправа, Петар Теов при што додаде: -Акциите ги реализираме два пати годишно, пролетно и есенско чистење. За прв пат оваа година, во одржувањето на хигиената се приклучија и граѓаните. Во пролетното чистење учествуваа околу 350 „одржувачи на хигиената“ во Општината, на јавните и зелените површини како и на тротоарите. При пролетното чистење во Карпош, се приклучија и вработените од „Лукоил“ и „Керфур“ со свои 30 вработени кои учествуваа како волонтери, како и голема група граѓани. Со тоа, оваа масовна акција, која е традиционална за Општина Карпош, е една од позначајните еко акции за општината.

М.Г.

Општина Карпош учесник на „Фестивалот на хигиенски дизајн 2015“ во Охрид

ЗНАЕЊЕТО ДА СЕ СПОИ СО ЗАБАВА

Во рамките на тридневниот „Фестивал на хигиенски дизајн“, во организација на К.Т.Ц. „Клуч“ како регионален претставник на EHEDG (Европската агенција за хигиенско инженерство и дизајн) се покажа дека е можно науката да се спои со забава преку извонредни гастрономски дружења.

Од 27-ми до 29-ти мај, на Факултетот за угостителство и туризам во Охрид се одржа Светскиот конгрес за хигиенско инженерство и храна, на кој Општина Карпош како единствена општина во земјава која е институционална членка на EHEDG, имаше свој официјален претставник. Конгресот беше поддржан од Македонската агенција за претприемништво, Агенцијата за храна и ветеринарство и GHI – меѓународната организација Иницијатива за глобална хармонизација.

Во текот на трите сесии со свои научни и стручни трудови се претставија 150 претставници од 15 земји. Освен Република Македонија, учествуваа и Албанија, Србија, Бугарија, Црна Гора, Хрватска, Украина, Русија, Индија, Соединетите Американски Држави, Италија, Индија, Турција, Холандија и Германија. Оваа година, акцентот на средбата беше ставен на хигиенскиот дизајн без кој не може да се замисли безбедната и квалитетна храна. На крај од настанот учесниците се забавуваа приготвувајќи традиционални јадења кои потоа ги дегустираа.

Пленарната седница ја отвори г-н Лудвиг Јозенберг од „Тетра Пак“ кој во 2014-та година е избран за нов претседавач на EHEDG. Г-нот Хуб Леливелд кој беше гостин на Општина Карпош во 2011 година за време на зачленувањето на Општината во оваа организација, минатата година беше избран за почесен претседавач, поради својот особен придонес во поставувањето на темелите на EHEDG.

Програмата на „Фестивалот на хигиенски дизајн 2015“се состоеше од научни и стручни презентации и одбрана на трудови, изложување/претставување на производи и услуги, комерцијални презентации, брокерски настан и презентација на гастрономски способности и запознавање на традиционалните кујни.

За нас, како општина, најинтересни беа научните и стручни презентации и брокерскиот настан на кој разменивме искуства во начинот на работење, спроведување на законските регулативи во нашава земја споредбено со другите земји во светот.

Општина Карпош преку своето овластено лице за контрола и безбедност на храна за градинки и основни училишта, се претстави со начинот на менаџирање на општинските предучилишни и училишни установи, искуството во справување со одредени неправилности кои се јавуваат во текот на работењето и начинот на нивно решавање. Беа остварени бројни контакти со најава за соработка со домашни и светски фирми и Организации кои помагаат во остварување на проекти насочени особено кон децата од рана возраст.

Карпош беше посочена како позитивен пример за грижа на здравјето на децата, а ни беше понудена соработка и размена на искуства со институции од



областа менаџирање со контролата и безбедноста на храната.

Говорниците кои партиципираат и работат на усогласување и подобрување на законите и стандардите од оваа област во европски и светски рамки, беа едногласни дека размената на искуства е единствен пат до подобрување на квалитетот на работата на Организацијата.

м-р Ирена Калајџиева-Милевска

БЕЗБЕДНОСНИ МЕРКИ ЗА ВЕЛОСИПЕДИСТИТЕ

„Возете велосипед, но однесувајте се одговорно“, „Заштитниот шлем е препорачливо во случај на сообраќајна незгода“, „Редовно проверување на техничка исправност на Вашиот велосипед“ беа дел од советите кои градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски и претседателот на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, Стојче Стаменковски, ги споделија во рамките на кампањата „Подигнување на свеста за учество на ранливи категории во сообраќајот“. Локалната самоуправа и локалните власти во цела Република Македонија треба да посветат поголемо и посериозно внимание за велосипедистите, како и да обезбедат подобри услови за нив, беше првото укажување на Стаменковски. Втората препорака беше поактивно користење на велосипедите во сообраќајот, бидејќи тој е најеколошко и најекономично превозно средство. И третата порака од оваа акција е наменета за сите велосипедисти за повнимателно и побезбедно да учествуваат во сообраќајот и да ги почитуваат сообраќајните знаци, правила и прописи, како и користење на велосипедска заштитна опрема.

Градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, упати апел до граѓаните на Карпош, како и до сите учесници во сообраќајот за побезбедно користење на велосипедот како здрава навика. Општина Карпош има свои велосипедски патеки од Порта Влае до границата со Општина Центар. Апелираме и другите општини да најдат начини и да обезбедат велосипедски патеки за да можат велосипедистите да се движат безбедно, рече Јакимовски.

М.Г.

ЕКОНОМСКА ЕДУКАЦИЈА ПРЕКУ КНИГА

Љубителите на книгите, особено од економската наука, имаа можност да присуствуваат на промоција на книгата „Малите економии и деловните гроздови“.

Општина Карпош важи за голем поддржувач на културно-едукативните манифестации, па така ја помогна и промоцијата на книга на авторот доц. д-р Николина Трајаноска. На промотивната манифестација присуствуваше градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, а промотор, пред љубителите на книгите на Трајановска, беше д-р Ристо Иванов.

Фокусот на книгата се прашања поврзани со конкурентноста на малите економии, односно колку е значајно во услови на малверзација, каде конкуренцијата е изострена и каде најмногу на пазарот се погодени малите претпријатија да се изнајдат вистински решенија за успешно делување. Книгата особено е фокусирана на придонесот на иновациите во областа во економијата.

Авторот Николина Трајаноска во 2012 година ја објави својата прва книга со наслов „Трговска марка – креирање и тргување“, а оваа книга е нејзино второ дело.

М.Г.



СЕ ЗА ВАШАТА ГРАДИНА
Тел. 02/ 3063 190
www.feroelektro.mk
MTD


Карпош Комуницира

ИНТЕРНЕТ

Пишувајте ни на нашиот Twitter канал
twitter.com/OpstinaKarpos



Stevco Jakimovski shared a link.
Published by Iva Ivka Manova [?] · 1 hr ·

СО НАЈУСПЕШНИТЕ СТУДЕНТИ ЗАЕДНО ЗА КАРПОШ

Arelena Mogui Cestitki .najj dobri ste....

Dimitar Delevski Cestitki

Opstina Karpos @OpstinaKarpos · May 20
@vojnovski @gradskopje1 @dArsovec @elena_tekinec јавете се во ЈП Паркови и зеленило,без нивна дозвола не смееме ниту гранка да исечеме

Секој вторник во 9.30 часот на радио **Урбан ФМ 90.8** слушајте ги најновите вести од Општината кои ги уредува Одделението за односи со јавност

Гледајте ги нашите емисии на нашиот youtube канал
www.youtube.com/user/OpstinaKarpos/videos



Боксерски клуб Универзалци - Карпош
305 views • 6 days ago



РЕГИОНАЛЕН УСПЕХ НА ОДБОЈКАРКИТЕ ОД...
57 views • 6 days ago



ПАТРОНЕН ПРАЗНИК НА ДЕТСКАТА УСТАНОВА...
8 views • 6 days ago




УЧИЛИШНИОТ УСПЕХ СЕ НАГРАДУВА
100 views • 6 days ago



ПЕХАРИ ЗА НАЈДОБРИТЕ ТЕНИСЕРИ
5 views • 6 days ago



Основците од Карпош на наградно патување во...
180 views • 1 week ago



Нов цветен расад во Карпош
49 views • 2 weeks ago



КАМЕН ТЕМЕЛНИК ЗА НОВА КАМБАНЕРИЈА
No views • 3 weeks ago

Изработила: Ива Манова

www.karpos.gov.mk



КАРПОШ – ОЛИМПИСКА ОПШТИНА

Од 14 до 16 мај, нашата општина беше домаќин на IX-те Државни спортски игри за основни училишта – Мали олимписки игри 2015. Во тие три дена нагостивме над 900 најдобри ученици - спортисти од основните училишта во Македонија кои се натпреваруваа во кошарка, ракомет, одбојка, фудбал, футсал и атлетика. Сите тие претходно мораа да се пробијат до овие финални натпревари победувајќи на општински, регионални и зонски натпревари, што значи дека Карпош беше домаќин на најдобрите.

ДОЧЕК

Неколку недели пред почетокот на „МОИ Карпош 2015“, организаторот, односно, Општинскиот сојуз за училишен спорт на Општина Карпош и покровителот, градоначалникот Стевчо Јакимовски, се обратија до родителите на учениците од Општината со повик да ги отворат своите домови за малите спортисти од внатрешноста. И, како што доликува на домаќинска општина и на луѓе – домаќини, во тие три дена, околу 400 ученици од цела Македонија беа сместени кај учениците од нашата општина. Платото пред СРЦ „Борис Трајковски“ беше местото каде што беа дочекани гостите и за неполни три часа сите гости беа сместени кај своите домаќини. Некои домаќини дури останаа разочарани бидејќи за нив не остана гостинче. Оние што долго време се во организација на оваа манифестација велат дека никогаш досега сместувањето и превозот на децата до своите домаќини не одело толку брзо. При дочекот, секој учесник доби маичка со симболите на „МОИ Карпош 2015“ и пропусница за јавен превоз.

Треба да се каже дека за овие три дена се создадени стотици нови пријателства меѓу домаќините и гостите како и меѓу натпреварувачите и убедени сме дека тие ќе траат.

ОТВОРАЊЕ

Според многумина присутни на отворањето, тоа беше досега невидено и спектакуларно. Зошто? Локацијата – вливот на Лепенец во Вардар и целата убавина што ја носи македонскиот бисер во ноќен амбиент, убавото време, богатата и разновидна културно-уметничка програма, над двете илјади присутни гости и учесници на амфитеатарот спроти „Канал 5“, палењето на олимпискиот пламен и пре-



красниот огномет, направија амбиент кој уште долго ќе се памети и ќе се прераскажува меѓу жителите на Карпош.

НАТПРЕВАРИ

Натпреварите во рамките на „МОИ Карпош 2015“ се одржуваа во неколку училишни сали, потоа на два стадиони, на неколку отворени игралишта за футсал, во СРЦ „Борис Трајковски“ и Арената „Филип Втори“. Во текот на трите натпреварувачки денови бевме сведоци на одлични натпревари, а на посетеноста на добар дел од нив можат да им позавидат и прволигашките екипи. Веќе почнаа да се назираат и нови македонски спортски величини од форматот на Кире, Буштур, Дарко, Богој, Индира, Перо, Стојна, Артим, Стефче и други легенди кои беа вистински спортски амбасадори на Македонија, а некои од нив и учесници на „Големите“ олимписки игри. Затоа медалите и пехарите на најдобрите им ги доделуваа сегашни или поранешни репрезентативци или селектори на македонските селекции како што се: Милева Велкова, Срећко Георгиевски, Добре Димовски, Влатко Георгиевки, Едина Муса, Јадранка Поповска, Љиља Ковачевиќ, Деспина Поповска и други. Но, на „МОИ Карпош 2015 година“, нашите ученици не беа само добри домаќини. Напротив. Женската одбојкарска екипа на ООУ „Петар Попарсов“ освои шамионска титула, машката кошаркарска екипа на ООУ „Јан Амос Коменски“ освои бронзен медал, а машката екипа на ООУ „Братство“ во футсал, на пенали го загуби бронзениот медал. Многу е важен фактот дека на овие стотици натпревари кои се одржаа на МОИ Карпош 2015 не се случи ниту еден инцидент, односно сé беше во духот на фер-плејот, а немаше ниедна сериозна повреда. Тоа само го докомплетира општиот впечаток за спортскиот дел од олимпијадата, кој е одличен и покажува дека Македонија има светла спортска перспектива. Останува единствено да жалиме за недоволната медиумската покриеност бидејќи овие млади спортисти и олимпијци заслужуваа повеќе внимание во јавноста.

МАЛКУ И ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

Општината Карпош, Федерацијата на училишен спорт на Македонија и Општинскиот сојуз на училишен спорт на Карпош беа главните „виновници“ за успешната организација на овој најголем спортски настан во Република Македонија во 2015 година од домашен карактер. Но, не смеат да се заборават и бројните спонзори кои помогнаа оваа голема и благородна спортска манифестација да биде прогласена за една од најуспешните во изминатите децении. Затоа, едно големо благодарам и за М6-Едукативен центар, „Пелистерка“, „Д-р Пановски“, Сојузот на спортски федерации на Македонија и други. Во рамките на „МОИ Карпош 2015“, беше организирана и трибина на тема „Перспективите на училишниот спорт во Македонија“ на која зедоа учество многу тренери, водачи на екипи и претставници на општинските сојузи за училишен спорт.

ШТО ПОНАТАМУ?

Општина Карпош го положи испитот за олимписка општина, па здравје, наесен, по повод Денот на општината, можеби ќе биде домаќин на сличен настан од регионален карактер на кој ќе земат учество екипи од Балканот. Епа, нека е со среќа.

Зоран Т. Поповски

МАРТИНИ
КАФЕ БАР
www.martinicaffe.mk

ENRIKO
pizza & pasta

ТВИТЕР ХУМОР

@1machka
Тие што велат "Знам како ти е" е баш тие не знаат како ти е.

@TaskaBalabanova
Дајте нека напраат некоја социјална мрежа на која, за да направиш профил, треба да поминеш IQ тест. Ова веќе не се издржува.

@Japonche
Од катастрофи, најтешко е да се преживееш себеси.

@pikabu00
Во мое време на 10 јуни ги киневме тетратките во знак на славење на долгоочекуваната слобода! Денес со таблетите, се е хаос.

@vladimirmk
-Ме имаш блокирано -Како си потпишан? -Абе колата долу помести ја да поминам

@mojokilington
Од овие шо клаваат катанци по мостовите кој оди да го извај катанецот ко ќе се скараат?

@tonimilioni
-Кај си? -Во банка. -Ај плати ми ја сметкава да видам.

@Shkottt
имаме среќа што е лето... да беше зима ќе беше најтоплата зима последниве 150 години

@Goran_Man
На што е Sweden овој живот.

@m_kynthia
***кинам цвеќе* Јас: Ме сака, не ме сака, ме сака, не ме.. Цвеќето: Имам дечко.**





Изработила: Ива Манова

Разговор со Дејан Крстевски, директор на Академијата за тенис „ АТК - Крстевски“

КАРПОШ ИМА МНОГУ НАДЕЖНИ ТЕНИСЕРИ

Со „АТК ОПЕН 2015“ првпат сме домаќини на европски тениски турнир

Дејан Крстевски е директор на Академијата за тенис „ АТК - Крстевски“ која важи за лидер на тениската игра во Република Македонија. АТК е еден од најдобрите тениски субјекти во Република Македонија. Моментално, повеќе од 150 деца, спортисти, ја препознаваат како тениска школа која нуди исклучително квалитетни услуги.

Академијата е долгорочна амбиција на Дејан Крстевски, кој како голем љубител на тенисот, имаше за цел на тенисот да му посвети поголемо внимание, вредност и развој. На 1.мај 2009 тој ја покренува својата идеја и отвори сопствена тениска академија. Со богато меѓународно искуство стекнато по мноштво симпозиуми како: Европскиот симпозиум на ITF (International Tennis Federation) за тренери во Стокхолм како и Светскиот семинар на PTR (Professional Tennis Registry) за тренери на островот Hilton Head, Јужна Карполина, САД, Дејан Крстевски станува интернационален сертифициран ITF тениски тренер (Сараево 2005 год.),PTR сертифициран тениски тренер– Professional – (Јужна Каролина, Америка 2006 год.) и сертифициран МТФ тениски тренер. Тоа беше доволна препорака на неговата АТК школа да и се додели организацијата на Европскиот тениски турнир „АТК ОПЕН 2015“, што е прва ваква спортска манифестација во Општина Карпош, која се одржа на 20 јуни. Овој настан беше повод за мал разговор со нашиот сограѓанин.

· Општина Карпош првпат е домаќин на еден ваков европски тениски турнир. Како успеавте да ја добиете организацијата, имавте ли конкуренција?

-Точно. Општина Карпош е за првпат домаќин на ваков европски настан. За организацијата одлучува Македонската тениска федерација (МТФ) со претходна потврда од Европската тениска асоцијација (ETA). Конкуренцијата се состоеше од клубови



од Македонија, а Академијата за тенис „ АТК - Крстевски“ ја доби организацијата заради долгогодишното постоење, организација на бројни национални првенства, создавање на успешни играчи во минатото, промоција и омасовување на спортот, услови на организација како и моето лично тениско искуство како директор на „АТК- Крстевски “.

· Дали сте задоволни од одзивот на тенисери за учество на турнирот и воопшто како се одвиваше овој значаен настан?

-Одзивот беше одличен. Се пријавија околу 70 одлични натпреварувачи од 15 земји: Англија, Германија, Русија, Италија, Бугарија, Швајцарија, Словенија, Грција, Црна Гора, Хрватска, Албанија, Македонија и други земји. Настанот се одвиваше одлично, без никакви пречки. Во деновивите што поминаа се оствари завидна посетеност од 1.600 луѓе.

· Има ли Карпош, и воопшто Македонија потенцијал и услови за големи тениски настани и за создавање големи тениски имиња меѓу младите?

-Од самите резултати на меѓународниот турнир може да се потврди дека имаме одлични јуниори во Македонија. Посебно ме радува што живеат во Општина Карпош. Затоа е и нашата заложба стручно да помогнеме и во иднина да им го олесниме патот кон професионалниот тенис.

· Што АТК подготвува наскоро на спортски план?

-АТК подготвува проширување на бројноста на школата со цел креирање на што повеќе натпреварувачи во иднина. Тоа е нашата визија и мисија.

· Каква ви е досегашната соработка со Општина Карпош?

Досегашната соработка ни е одлична. Со оглед на фактот што градоначалникот Стевчо Јакимовски е спортист, тој силно не поддржува, ни дава дополнителен елан за што поголем анагажман во иднина за развој на тенисот како спорт.

Ива Манова

ФИНАЛЕ НА ЕУРО ТЕНИС 2015

На тениските терени во Карпош, кои се во состав на СЦ „Борис Трајковски“ се одржа финалниот натпревар од еднонеделниот Меѓународен турнир „Еуро тенис-2015“. Во присуство на многубројна публика, натпреварувачите до 16 години од Македонија, Албанија, Германија, Швајцарија, Црна Гора, Словенија, Русија, Турција, Англија, Бугарија, Грција и други земји, си ги одмерија силите во машка и женска категорија како поединечно така и во игри во пар. За прв пат Општина Карпош е домаќин на еден ваков врвен спортски турнир кој се стреми да прерасне во традиција. Организаторот на „Еуро тенис-2015“, директор на Академија за тенис „ АТК - Крстевски“. На турнирот учествуваа 70 деца од преку 15 земји.

По напорната игра во категоријата машки поединечно, победи играчот Златан Палазов од Бугарија, а во играта во парови од машка конкуренција првото место го освоија, Михаил Кусевски и Андреј Андреевски од Македонија. Исто така, со прво освоено место можеше да се пофали и македонската млада тенисерка Катарина Марковиќ. На крајот од турнирот, организаторот на „Еуро тенис-2015“ му врачи плакета на Стевчо Јакимовски како благодарност за поддршката на овој Меѓународен натпревар по тенис којшто се рангира за меѓународни ЕТА ранкинг поени.

М.Г.



Табела од Лигата во кошарка (севкупен пласман)

Основно училиште	Коло	Победи	Порази	Кош количник	Бодови
1. „Јан Амос Коменски“	18	15	1	648:342	31
2. „Лазо Трповски“	18	13	3	457:329	29
3. „Владо Тасевски“	18	12	4	527:331	28
4. „Петар Поп Арсов“	18	11	5	536:337	27
5. „Димо Хаџи Димов“	18	7	9	371:436	23
6. „Вера Цириви Трена“	18	7	9	442:389	23
7. „Војдан Чернодрински“	17	3	13	351:511	19
8. „Х. Тодоровски Карпош“	18	4	12	351:347	18
9. „Братсво“	18	1	15	289:522	17

Табела од Лигата во одбојка (севкупен пласман)

Основно училиште	Коло	Победи	Порази	Сет количник	Бодови
1. „Петар Поп Арсов“	12	10	2	21:6	20
2. „Владо Тасевски“	12	9	3	20:9	18
3. „Димо Хаџи Димов“	12	8	4	19:12	16
4. „Аврам Писевски“	12	5	7	14:18	10
5. „Лазо Трповски“	12	4	8	12:18	8
6. „Војдан Чернодрински“	12	4	8	10:18	8
7. „Јан Амос Коменски“	12	2	10	6:21	4

Табела од Лигата во тенис (севкупен пласман-момчиња)

Основно училиште	Бодови	Пласман
1. „Војдан Чернодрински“ – 1	19	I
2. „Јан Амос Коменски“	18	II
3. „Лазо Трповски“	12	III
4. „Војдан Чернодрински“ – 2	12	III
5. „Петар Поп Арсов“ – 1	12	III
6. „Петар Поп Арсов“ – 2	11	IV
7. „Христијан Тодорвски Карпош“	10	V
8. „Димо Хаџи Димов“	9	VI
9. „Јахја Кемал“	8	VII
10. „Владо Тасевски“	3	VIII
11. „Вера Цириви Трена“	0	IX

Табела од Лигата во тенис (севкупен пласман-девојчиња)

Основно училиште	Бодови	Пласман
1. „Вера Цириви Трена“	13	I
2. „Војдан Чернодрински“	13	II
3. „Јан Амос Коменски“	9	III
4. „Војдан Чернодрински“ – 1	8	IV
5. „Петар Поп Арсов“ – 2	8	V
6. „Христијан Тодорвски Карпош“	7	VI
7. „Димо Хаџи Димов“	6	VII
8. „Лазо Трповски“	4	VIII
9. „Јахја Кемал“	4	VII

Табела од Лигата во шах до 9-то одделение (севкупен пласман)

Основно училиште	Rtg	Pts	ВН.
1. Ивана Манова	1618	5	14
2. Ристе Јовчев	1803	4	17
3. Лазар Петровиќ	1750	4	17
4. Иван Чешмециевски	1200	4	15
5. Матео Ефтовски	1199	4	14
6. Миле Костески	1427	4	13
7. Ирфан Атеш	0	4	9
8. Леа Ефтовска	1197	3	13
9. Дамјан Христовски	0	3	16
10. Зубеир Бајрами	0	3	15

Табела од Лигата во шах до 5-то одделение (севкупен пласман)

Основно училиште	Rtg	Pts	ВН.
1. Кирил Кочевски	1200	5	14
2. Зубеир Бајрами	1199	4	17
3. Кирил Николовски	1194	4	17
4. Матео Тедеско	1193	4	15
5. Емир Атеш	1198	4	14
6. Андреј Терпини	0	4	13
7. Лука Ангелковиќ	0	4	9
8. Борис Локвенец	1195	3	13
9. Емил Ристески	1180	3	16
10. Лука Симиќ	1197	3	15

Табела од Лигата во фудбал (севкупен пласман)

Основно училиште	Коло	Победи	Порази	Нерешено	Гол разлика	Бодови
1. „Братство“	20	17	1	1	72:11	52
2. „Лазо Трповски“	20	16	2	2	87:23	50
3. „Аврам Писевски“	20	13	3	3	56:23	42
4. „Димо Хаџи Димов“	20	12	3	3	45:21	39
5. „В. Циривири Трена“	20	11	2	2	38:20	35
6. „Јахја Кемал“	20	10	2	2	60:56	32
7. „Владо Тасевски“	19	5	4	4	39:42	19
8. „Јан Амос Коменски“	20	5	3	3	22:47	18
9. „Петар Поп Арсов“	20	5	2	2	26:48	17
10. „В. Чернодрински“	20	2	3	3	23:79	9
11. „Х. Тодоровски Карпош“	20	0	3	3	10:85	3



Јоана Станиќ

Јули '15

ОВЕН-На работен план, потпрете се на пријателите и резултатот од соработката треба да ви донесе добри резултати. Во љубовта конечно ќе можете да се скрасите во стабилна врска.Спортувајте.

БИК-Не покренувајте нови проекти, но користете ја комуникацијата со личности што се на повисоко ниво. Во љубовта тензичен период. Можни се бурни и краткотрајни конфликти.

БЛИЗНАЦИ-Одличен месец за деловни соработки и за финансии. Со партнерот ќе поминувате убави романтични моменти полни со изненадувања. Чувајте се од сонцето.

РАК-Добар период за финансии и за нови деловни соработки, и за проширување на бизнисот. Лето исполнето со многу флертови... зрачите со еротичност. Пазете се од настинки кои можат да ви го расипат одморот.

ЛАВ-Време е да уживате во плодовите од претходното работење. Ви треба вистински одмор. Голем дел од врските ќе се преиспитуваат во овој период. Внимавајте на кичмата при подигање на товар зашто се можни повреди.

ДЕВИЦА-Подготвени сте за секоја ситуација, но, собирајте енергија за бурниот период што ќе следи. Можно е несогласување со партнерот во одбирањето на летната дестинација. Не е исклучено да летувате посебно. Потребни ви се витамини, конзумирајте повеќе овошје и пешачете.

ВАГА-Мудро донесувајте одлуки на работен план. Внимавајте на комуникацијата со соработниците. Во љубов вооружетесе се со толеранција и грижливост. Внимавајте на храната и избегнувајте многу шеќери.

ШКОРПИЈА-Ќе работите повеќе од претходно, но брзо ќе почувствувате замор. Искористете го летото за одмор и посветете му повеќе внимание на партнерот. Главоболки и стрес.

СТРЕЛЕЦ-Нема да можете да одговорите во целост на работните обврски, затоа побарајте помош од соработниците. Тешко ќе комуницирате со партнерот, можни се мали недоразбирања. Потребен ви е повеќе сон.

ЈАРЕЦ-Искористете го периодот за склучување на нови договори во работењето и зајакнете ја финансиската ситуација со хонорарна работа. Посветете му повеќе внимание на партнерот. Внимавајте што и колку јадете. Спортувајте.

ВОДОЛИЈА - Добар период во кој ќе ги жнеете резултатите од работењето. Можно е унапредување. Контролирајте го бесот и речникот кон партнерот. Ослободете се од лошите навики, намалете ги цигарите и алкохолот.

РИБИ-Полни сте со работен елан и желба за докажување. Искористете го периодот за нови деловни соработки. Зголемете ја самодовербата и на повидок се убави моменти во љубовта. Здравјето ви е одлично.



Бахова цветна терапија

АЛТЕРНАТИВНА МЕДИЦИНА БАХОВА ЦВЕТНА ТЕРАПИЈА CHICHORY(CICHORIUM INTYBUS)-ЦИКОРИЈА

Цикоријата е препарат потребен на посесивни, егоцентрични личности кои сакаат да манипулираат со другите. Овие личности очекуваат нивната околина да се однесува онака како што тие замислиле, а доколку тоа не се случи, тогаш критикуваат, кукаат и сметаат обидувајќи се да ги променат луѓето околу себе. За својата блиска околина секогаш се тука, но ќе дадат само доколку за возврат добијат она што посакуваат. Очекуваат благодарност, потврда, чувство дека другите зависаат од нив, а и љубовта секогаш им е врзана за некој услов.

Цикориите не сакаат да бидат сами, бараат постојано да бидат во центарот на вниманието, другите да ги служат и сметаат дека тое е потребно и дека го заслужуваат. Типичен случај се посесивните родители кои на своите пораснати деца им се мешаат во животот, организираат се за нив (без претходно да ги прашаат дали тоа го сакаат), ги критикуваат постојано и се однесуваат како бебиња кои не се способни да направат било што.

Без разлика што внатрешните чувства им се силни, некогаш се самосожалуваат и оддаваат впечаток дека се повредени. Во некои случаи се прават болни, се со цел, да привлечат внимание. Пример-мајка која одеднаш има болки, кога детето сака да си оди од другите. Сакаат да разговараат и имаат предрасуди и веќе однапред создадено мислење за другите, тврдоглави се и сакаат да се расправаат. Иако овие личности од надвор изгледаат силни и стабилни, зад фасадата се незадоволни, имаат празнина и огромна желба за љубов. Голем дел од цикориите во детството не добиле доволно љубов, по-



тврда и признание од родителите. Имаат константен страв дека ќе ги изгубат пријателите, партнерот и материјалните добра. Лесно се навредуваат. Цикоријата е добра за деца на кои им е потребно постојано внимание од родителите или околината и постојано мора да се во центарот на внимание. Доколку детето почнува веднаш да плаче (кое е оставено само макар и на неколку секунди) или подоцна со уцени, трикови или слично, се обидува да го привлече вниманието на другите, најверојатно му се потребни овие капки.

Болести од кои можат личностите цикорија да болуваат се–пострауматска депресија заради одвојување, пореметување на исхраната, гинеколошки проблеми, чворчиња во грлото, астма, засипнатост, кашлање, хипохондрија...

Јоана Станиќ





ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА
"ЕЛИСАВЕТА"

Дом за стари лица "Елисавета"

02/30-62-021
02/61-46-880
078/43-41-49

Гозбови Јадења

ДОМАШНИ ЈАДЕЊА КАКО ШТО ГИ ПРАВИ МАМА...

СО ВКУСОТ НА МАМА

ВРЕДНОСЕН ВАУЧЕР

Вие сте добитник на ВКУСЕН вредносен ваучер **60** *ден*

Пилешка салата
Сарма
Пилешки прсти
Погачи
Печење
Домашна пита
Руска салата



НАЈЕФТИНИ ЦЕНИ НА ГОТВЕНА ХРАНА ВО ГРАДОТ!

Т.Ц. Лептокарија (веднаш до Канела)
тел. 02/ 30 66667

отсечете го овој ваучер и нарачајте нешто по ваш вкус...

МЕЃУНАРОДЕН СТУДЕНТСКИ ФОЛКЛОРЕН ФЕСТИВАЛ

